# Рационализација на јавната администрација во Македонија

## Вовед

Процесот на рационализација на јавната администрација беше иницирал како резултат на неефикасноста во работењето на јавните установи. Организациите во целиот свет гледаат на јавната администрација како на катализатор за организациски реформи. Уште повеќе, поради големиот број на вработувања областа на човечки ресурси стана многу важен дел од домашните активности, но и тешка и комплексна задача која треба да биде завршена. Од ова автоматски произлегува и фактот дека рационализацијата е веќе голем реформски зафат во сите земји кои тежнеат да обезбедат услуги за своите граѓани.

Рационализацијата главно вклучува намалување на работната сила, т.е. намалување на бројот како и елиминација на работни места, намалување на трошоци, системско редизајнирање како и редизајнирање на политиките (на пример, во однос на трошоците, организационата големина). Во одредени случаеви не е исклучено и зголемување на бројот (на работната сила). Рационализацијата исто така наложува и правење на разлика помеѓу неопходна и не неопходна работа, како и подбрување и приоритетизирање на најважните задачи. Таа е комплексен обид да се редизајнира и реструктурира целиот јавен сектор.

## Случајот на Македонија

Македонските власти се исто така испречени пред тешката задача на намалување на бројот и подобрување на ефикасноста на нејзинот многуброен јавен сектор. Уште повеќе, овие обиди се сметаат за дел од општиот обид да се зголеми економскиот раст и намали економскиот дефицит.

Забележително е дека една од главните пречки за поставување на ефикасна и целосно функционална јавна администрација во Македонија е токму несоодвената кадровска политика. Нашето теренско истражување ги даде следните резултати: Ветеринарниот Институт на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и неговата ветеринарна инспекција се соочува со големи проблеми во однос на покривањето на целата територија на државата. Истиот проблем постои и за Државната трудова инспекција во пооделни општини, односно бројот на инспектори во некои региони од државата мора да бидат значително зголемени со цел да има целосна покриеност на целата територија на државата.

Добро познати случаи на недостаток на кадри во македонскиот јавен сектор се во здравството и во образованието. Овие два сектори сочинуваат значителен дел од целиот број на моментално вработени во јавниот сектор.

**Модел на стратегија за рационализација**

- **Стратегијата за намалување на работната сила** е во главно фокусирана на намалување на бројот на кадрите и обично се имплементира од горе па надолу. Најкористени практики за имплементација на оваа стратегија се: трансфери, непополнување на слободни работни места, давање на поттик за рано пензионирање како и присилно намалување (отпуштање) како поекстремна практика.
- **Стратегијата за редизајнирање** се фокусира на намалување на работниот обем наместо на намалување на бројот на работни места. Тоа вклучува: елиминација на функции и оддели кои се веќе застарени, редизајнирање на задачи, спојување на сектори од оддели, итн.
- **Систематска стратегија** се разилкува во целост од претходно споменатите стратегии. На неа се гледа како на субјективен метод за ефектуирање на работна култура, однесување како и вредности, наместо целосно концентрирање на намалување на работната сила. Дополнително, оваа стратегија не се смета само како програма или цел која треба да биде исполнета, туку како на нешто многу поважно, а тоа е како процес на постојано подобрување.

**Заклучни забелешки**

На процесот на разционализација на јавната администрација без двоумење треба да му се посвети големо внимание и во него да се вложи сериозен напор од страна на сите инволвирани страни. Парадоксот кој се појавува тука е од една страна декларативна заложба за рационализација на јавната администрација, а од друга страна масовните вработувања кои недвосмислено укажуваат на недостигот на политичка волја за имплементација на рационализацијата.

Сепак, евидентно е дека иако тешко да се постигне, јавната администрација во Македонија мора да го помине процесот на рационализација што е можно побрзо, со цел да се приближи до следните ЕУ стандарди: ниски јавни давачки, соодветна кадрова распореденост, ориентираност спрема граѓаните како и деполитизација на јавниот сектор.

***Програма за Јавни политики и администрација***

*Публикации кои следуваат*

“Фискална децентрализација”

## Контакт


*Аналитика*

Даме Груев 7-8/3
1000 Скопје, Македонија
тел: + 389 2 312 1948
web: www.analyticamk.org
info@analyticamk.org

*Одговорен истражувач на програмата за Јавни политики и администрација*

Агим Селами- истражувач

aselami@analyticamk.org


***Аналитика*** - непрофитабилна независна организација посветена на асистенција на лица и институции со цел зајакнување и долгорочно подобрување на демократијата и владеењето во Р.Македонија како и пошироко во регионот.

***Аналитика*** е организација за анализа и истражување на јавни политики (тинк-танк) посветена на промовирање и унапредување на соработката помеѓу субјектите и организациите во Р.Македонија и пошироко во регионот.